# ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНО ОБРАЗОВАНИЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА НАУКА И ПРАКТИКА МОЈ ПРАВЕН СОВЕТНИК СКОПЈЕ

МОЈ
ПРАВЕН
СОВЕТНИК

http://mojpravensovetnik.mk/
https://www.instagram.com/mojpravensovetnik/
https://www.facebook.com/mojpravensovetnik
info@mojpravensovetnik.mk
Ул.„1737" бр.32 локал 32

Здружението за правно образование и унапредување на правната наука и практика Мој Правен Советник од Скопје е граѓанска организација, основана во 2016 година од студенти на правни студии. Основањето на ова Здружение е резултат на желбата на група правници да ги промовираат, унапредуваат и укажуваат на правата на граѓаните кон институциите. Движечка сила на Здружението е неговата посветеност во решавањето на проблеми. Визијата ни е да станеме силна организација преку која ќе работиме кон подобрување на правниот систем и човековите права во државата.

Преку нашата работа на промоција и унапредување на човековите права, ние всушност ја подобруваме социјалната и економската состојба. Посебен фокус на нашата работа се промоција, унапредување и решавање на итните потреби на граѓаните, посебно на потребите на ранливите групи граѓани. Покрај документирање и јавна осуда на неправдите во општеството, нашата работа вклучува и правна помош овозможена на граѓаните за да ги остварат своите права и да ги променат своите животни услови. Сите форми преку кои се одвива работата на Здружението целосно се насочени кон остварувањето на човековите права како темелна основа и вредност на македонското општество.